Прескокнувајќи го египетскиот обелиск, Александар дојава на плоштадот

Автор: А.М.Д.



Големиот војсководец Александар Трети Македонски од 332 до 331 година пред нашата ера без поголем напор го освоил Египет и таму го подигнал градот Александрија, кој ги засенил дотогашните фараонски империјални творби. Историјата се повтори по 23 века. Без поголем напор, без пошироки дискусии и со одлуки на неколкумина, споменикот на Александар го заседе местото на плоштадот „Македонија", каде што во 2005 година се планираше да се направи фонтана со египетски обелиск. Каков беше патот на Александар и на Букефал кон централниот круг на плоштадот и кои беа клучните моменти што ја овозможија неговата изградба?

Импозантната фонтана, која треба да биде нова гордост на Скопје, се планираше да се направи заедно со реконструкцијата на плоштадот во 2004 година, но проектите беа одвоени поради нивната висока цена. По извршените конкурси за идејно решение, на кои беше одбрано делото на Димитар Кондовски и на Петар Хаџи Бошков, поранешниот градоначалник Ристо Пенов во февруари 2005 година, непосредно пред почетокот на предизборната кампања, ја најави изградбата на објектот, која требаше да почне летото истата година. Се планираше фонтана со кружен облик, со дијаметар на базенот од 27 метри, на чии страни требаше да се направат апликации на 12 македонски сонца. Во средината, пак, се најавуваше дека ќе се издигне деветметарски споменик. Но Пенов загуби на изборите од Трифун Костовски, кој набргу потоа одлучи дека „градските пари се многу попотребни за поважни проекти од фонтаната", па затоа ги запре активностите за нејзината изградба. Тоа беше првиот клучен момент, бидејќи местото остана празно и со тоа се овозможи да се којат други планови за него.

Така, кон крајот на 2006 година, советниците од општината Центар излегоа со идеја средишниот круг на плоштадот да се пополни со споменик на Александар Македонски. Иницијативата беше на советникот Владимир Бахчовановски од ВМРО-ДПМНЕ. Во април 2007 година се распиша и конкурс за идејно решение, но потоа целиот проект замре. Не се соопштуваше ниту колку труда пристигнале, ниту дали е избран победник. На 5 октомври општината објавила оглас дека ниту еден од пристигнатите 26 труда не победил и не ја добил главната награда од 10 илјади евра. Имало две второнаградени решенија чии автори добиле по шест илјади евра, едно третонаградено со три илјади и два откупени труда со по две

илјади евра. Имињата на авторите не беа соопштени во огласот, само работните шифри според кои тие биле запишани, затоа што конкурсот бил анонимен. Скулпторката Валентина Стефановска, која според уметничките кругови била неискусна во оваа област и досега немала ниту едно самостојно претставување, всушност, била авторка на еден од двата откупени труда на тој конкурс, па споменикот ќе се гради според нејзиното идејно решение, а не според второ или трето наградените.

Но и по конкурсот следуваше молк во општината. Дури не се соопштуваше официјално дека тој е завршен и дека се избрани наградени решенија. Извори од општината Центар велеа дека целата работа затаила бидејќи тогаш почнале да се заоструваат односите меѓу Македонија и Грција, па тие не сакале дополнително да ги влошуваат со тој потег. Затоа, пак, минатата година со владина помош се забрзаа процедурите. Иако немаше официјална најава, сè посилни беа гласините дека ќе се направи огромен споменик, чија висина, во кафеанските муабети, надминуваше 30 метри. Се бараше да му се одземе концесијата за плоштадот на градот, за никој да не може да ја попречи изградбата. Доаѓањето на Александар не успеа да го спречи ниту претходниот градоначалник Костовски со неговиот предлог на местото да се направат фонтана и споменик на Тоше Проески. Кон крајот на годината Министерството за култура и префрли на општината девет милиони евра за споменици, па се спроведоа конкурси за да се изберат леарници за оваа и за другите скулптури. Сите дилеми беа решени пред неколку дена, кога Владимир Тодоровиќ, новиот градоначалник на Центар, го откри изгледот на овој и на сите други новопланирани споменици, кои се изработуваат во Фиренца. Статуата на Александар Македонски ќе се издигнува до врвот на Ристиќевата палата. Самата скулптура ќе биде висока 12 метри, а постаментот под неа 10 метри. Сето тоа треба да се изгради до крајот на наредната година.

прочитано: 270 коментари: 4 коментар

Коментари

Abe LOLO ako u ... Otprilep 07.05.2009 17:39:51

Abe LOLO ako u kladat madijna ce mu kladat i stap, pa ce mozis i da mu se povatis. So merak ce ti se sotri.

setajki po plos... LOLO 07.05.2009 16:32:03

setajki po plostado,ke gledame kopita od kojno.A ako mu klaat madijna ko na biko na ul makedonija,ke gledame i kojnski genitalii.... cirkuz

Со Постамент од... Игор 07.05.2009 16:02:00

Со Постамент од 10 метри ќе треба на Кале да се качиме за да го видиме споменикот.

Neka e so sreka... Srgan S. 07.05.2009 13:04:11

Neka e so sreka i sto pobrzo da go napravat.Ke bide gordost za Makedonija.